# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНОВАЦИИТЕ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ЗА ПЕРИОД ОД 2026 ДО 2029

1. Со оваа програма се уредува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 04016– Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА, Потпрограма 20, во вкупен износ од 727.228.380,00 денари, од кои 688.868.244,00 се од основна, донаторска и самофинансирачка сметка, а 38.360.136,00 се од наменската сметка. Со оваа програма се утврдуваат и средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, а се однесуваат на мерките и програмите за реализација предвидени во ресорните министерства и тоа Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука и Министерството за економија и труд.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма, се користат за финансирање на активности спроведувани од надлежните државни органи за следниве:

А) Приоритетни цели:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните
- Обезбедување поддршка за конкурентен приватен сектор
- Обезбедување поддршка за иновациите и Сектор за информатички-комуникациски технологии
- Продуктивни и високоплатени работни места.

Б) Специфични цели:

- Јакнење на конкурентноста на приватниот сектор преку модернизација, интернационализација и интеграција во глобалните синџири на вредност, што ќе обезбеди стабилен економски развој.
- Создавање продуктивни и високоплатени работни места преку развој на брзо растечки компании, акцелератори и поддршка на младите и жените претприемачи.
- Развивање на иновацискиот и Сектор за Информатички-комуникациски технологии сектор преку стимулирање на стартапи, поддршка на истражувања и комерцијализација на нови технологии, со посебен акцент на вештачка интелигенција и дигитална трансформација.
- Поттикнување на одржлив и забрзан економски раст преку зелена транзиција, дигитализација и примена на циркуларна економија, со цел подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на граѓаните.
- Јакнење на човечкиот капитал преку обуки за претприемништво, развој на бизнис вештини и менторски програми, со цел градење квалификувана и адаптивна работна сила.

- Промовирање на култура на иновации и претприемништво преку трансфер на знаење, технологија и соработка меѓу индустријата, академијата, јавниот сектор и граѓанското општество.

- Зголемување на пристапот до европски и меѓународни фондови за истражување, иновации и дигитализација, со цел интеграција на македонските компании и институции во европскиот иновациски простор и

- Обезбедување транспарентност и отчетност во поддршката за иновации преку јасни критериуми, процедури и механизми за следење, што ќе создаде доверба и ќе ја зголеми ефикасноста на политиките за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

3. Распределувањето на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

Мерка 1: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да се стимулира претприемништвото и да се развие култура на превземање ризик и иновативност, со што ќе се поттикне растот на новооснованите трговски друштва. Поддршката се фокусира на проекти кои најмалку се на технолошко ниво на докажан концепт и опфаќа активности поврзани со истражување и развој. Овие активности треба да водат кон креирање нови или подобрени производи, процеси и/или услуги на пазарот, што ќе го зголеми иновацискиот потенцијал и конкурентноста на новите компании. Овој пристап овозможува развој на иновациите и нивно успешно позиционирање на пазарот.

Активноста се предвидува поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој.

Потребни средства: 18.000.000,00 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Мерка 2: Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да се поттикне иновативната дејност кај македонските мали и средни претпријатија, преку обезбедување поддршка за проекти кои имаат потенцијал за значајни иновации. Поддршката е доделена на проекти кои најмалку се на технолошко ниво на докажан концепт и кои покажуваат јасна комерцијална вредност. Проектите вклучуваат активности поврзани со истражување и развој, кои водат кон нови или подобрени производи, процеси или услуги, со цел нивно поставување на поширок и растечки пазар. Оваа мерка ќе овозможи создавање иновации кои ќе ја зајакнат конкурентноста на малите и средни претпријатија- и ќе ги поврзат со нови пазари, поттикнувајќи економски раст и развој.

Активноста се предвидува поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој.

Потребни средства: 200.000.000,00 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Мерка 3: Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки

акцелератори

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е формирање на бизнис акцелератори каде избраните конзорциуми ќе воспостават акцелераторски програми за основање и развој на старт-ап компании вклучително и финансиска поддршка за развивање на брзо растечки бизниси кои ќе креираат високоплатени работни места. Со програмите, посебен фокус е ставен на младите претприемачи, кои преку оваа конкретна менторска и финансиска поддршка базирана на меѓународни искуства, добиваат можности кои се нудат во другите развиени земји.

Активноста се предвидува поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој.

Потребни средства: 42.390.000,00 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Мерка 4: Предизвик за воспоставување на лабаратории за истражување, креирање и иновативност MAKERSPACE

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е обезбедување финансиска поддршка во вид на неповратен грант за воспоставување лабоaccess истражување, креирање и иновативност „MAKERSPACE“. Овие лаборатории применуваат сличен модел како лабораториите за производство, но имаат поширок опсег на можности за креација насочени во определени области од науката и технологијата.

Активноста се предвидува поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој.

Потребни средства: 5.000.000,00 МКД

Извор на средства: Наменска сметка (група 789)

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Мерка 5. Европски дигитален иновациски хаб– поддршка за дигитализација на приватниот сектор

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е поддршка на првиот Центар за трансфер на технологија и иновации ИННОФЕИТ, како и за активностите за реализација на првиот македонски Европски дигитален иновациски хаб (ЕДИХ), познат како Центар за трансфер на технологија и иновации ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб -ЕДИХ. Ова ќе вклучува поддршка во изградба на инфраструктурата, развој на дигитални иновации и поттикнување на соработка помеѓу различни актери во дигиталната индустрија, како и обезбедување услови за создавање и развој на иновации во овој сектор.

Потребни средства: 10.000.000,00 МКД

Извор на средства: Наменска сметка (група 789)

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Други институции: Министерството за дигитална трансформација и Министерството за образование и наука

Мерка 6: Поддршка на воспоставување на Научно-технолошки парк

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е обезбедување на поддршка за спроведување на физибилити студија за основање на Научно-технолошки парк. Научно-технолошкиот парк ќе има за цел да ја поттикне и овозможи соработката помеѓу високообразовните и научно-истражувачките установи и индустријата. Паркот ќе служи како хаб за иновации, кој ќе ги поврзува академските и истражувачките институции со индустријата, создавајќи можности за трансфер на технологија, заеднички истражувања и развој на нови решенија. Ова ќе ја зголеми конкурентноста на македонските компании и ќе ги подготви за поуспешно учество на глобалниот пазар на иновации.

Потребни средства: 20.000.000,00 МКД

Извор на средства: Наменска сметка (група 789)

Рок на реализација: 2026-2029 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА, меѓународни партнери, приватен сектор, високообразовни установи и научно-истражувачки институти

Мерка 7. Одговори за јавни политики – POLICY ANSWERS: проект финансиран од Европската Унија

Опис на мерката

Целта на оваа мерка се активностите во рамки на проектот POLICY ANSWERS. Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА е партер на конзорциум во проектот - Одговори за јавни политики – проект финансиран од Европската унија - POLICY ANSWERS финансирана во рамките на повикот Horizon Europe „Поддршка за креирање политики за истражување и иновации во Западен Балкан“ (HORIZON-WIDERA-2021-ACCESS-06-01) и е поврзан со спроведување на Агендата на Европската  Унија за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт (Western Balkans Innovation Agenda), која претставува сеопфатна, долгорочна стратегија за соработка со регионот, вклучувајќи и акциски план за нејзина имплементација.

Потребни средства: 9.500.000,00 МКД

Извор на средства: буџет на проект

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Центарот за социјални иновации, Виена, Австрија (Centar for Social Innovation- ZSI Austria

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување - МИР, Скопје

Мерка 8. Поддршка во согласност со Правилникот за олеснување на пристапот на македонски претпријатија, високообразовни и научни институции до фондовите на Европскиот институт за иновации и технологии (ЕИТ) и Европскиот совет за иновации (ЕСИ)

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е обезбедување на техничка поддршка за изработка на предлог-проект со кој организацијата аплицира за пристап на фондовите на Европскиот институт за иновации и технологии ЕИТ и/или Европскиот совет за иновации ЕСИ како и кофинансирање на дел од трошоците за добиен проект. Оваа мерка се очекува да им овозможи пристап до финансии на организациите кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес, и/или услуга, да се поттикне комерцијализација на резултатите од истражувања спроведени во рамки на високообразовните и научните институции и да се овозможи вмрежување и размена на искуства на македонските организации преку присуство на европските и глобалните пазари.

Потребни средства: 9.225.000,00 МКД

Извор на средства: Самофинансирачка сметка (група 787)

Рок на реализација: 2026-2027 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Други институции: Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд, Стопанските комори, високообразовни установи, научно-истражувачки институти и бизнис-центри

Мерка 9. Поддршка за идентификација и аплицирање на повиците на Хоризонт Европа, Дигитална Европа, Креативна Европа и Еразмус +

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е олеснување на интеграцијата на македонските чинители како ентитети кои доаѓаат од помалку развиен иновациски екосистем во европските програми. Во Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво ќе се назначат лица кои ќе имаат улога да ги информираат чинителите на иновацискиот екосистем за можностите за финансирање на нивните проекти и ќе им помогнат во процесот на апликација и имплементација на проектите.

Ваквата подршка се очекува да ги зголеми шансите за успех на националните чинители и со тоа да се зголеми и степенот на национално учество во европските програми кое би водело кон поголема интеграција во европскиот синџир на вредности.

Потребни средства: Оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026-2027 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за култура и туризам,

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бизнис-центри

Мерка 10. Кофинансирање на Џуниор Ачивмент програмата

Опис на мерката

Целта на оваа мерка програмата е да обезбеди претприемничко образование за средношколци, овозможувајќи им да организираат и управуваат со бизниси. Програмата Џуниор Ачивмент им нуди на учениците на возраст од 15 до 19 години можност да научат како да ја претворат една бизнис идеја од концепт во реалност. Програмата Џуниор Ачивмент им обезбедува на наставниците серија активности за учење преку работа во областа на бизнисот, економијата и претприемништвото што претставува одличен начин да им се помогне на учениците да бидат успешни во глобалната економија.

Потребни средства: 2.500.000 МКД

Извор на средства: Наменска сметка (група 789)

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Junior Achievement Europe

Мерка 11. Ко-финансирање на проекти, програми и иницијативи финансирани од билатерални и мултилатерални партнери / меѓународни извори на финансирање

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да ги мултиплицира националните вложувања во развој на иновацискиот и претприемничкиот екосистем преку ко-финансирање на иницијативи со билатерални и мултилатерални партнери.

Предмет на мерката е обезбедување на национално кофинансирање за учество на македонските чинители во меѓународни проекти и иницијативи што ги охрабрува нациналните чинители да вложат во пристап кон ваквите фондови и ја зголемува шансата за нивна успешност.

Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА во 2026 година може да спроведува и проекти финаснирани од билатерални и мултилатерални извори на финансирање без дирекно финансиско учество.

Потребни средства: 240.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА и донаторкси средства

Рок на реализација: 2027 -2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, стопанските комори, бизнис-центри, билатерални и мултилатерални партнери

Мерка 12: Предизвик „Со дигитална трансформација до иновација“,

Мерка 13: Предизвик „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон оддржливоста“,

Мерка 14: Предизвик „Дигитализација на земјоделството“,

Мерка 15: Предизвик за климатски промени,

Мерка 16: Предизвик „О2 Предизвик 2“, и

Мерка 17: Предизвик за изработка на информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај ПРИСТАПП

Опис на мерките 12-17

Целта на овие мерки е проектите финансирани во рамки на овие предизвици да ги поврзуват чинителите од четворниот хеликс систем (академијата, индустријата, јавниот сектор и граѓанското општество) со цел изнаоѓање на решенија за современи социо-економски проблеми како што се климатските промени, урбаниот превоз, резистентноста на системот за производство на храна и слично.

Активностите се предвидуваат поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој.

За мерката 12. Предизвик „ Со дигитална трансформација до иновација“

Потребни средства за мерка 12: 600.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА
Рок на реализација: 2026 година
Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

За мерката 13. Предизвик „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон оддржливоста“
Потребни средства за мерка 13: 8.730.000 МКД
Извор на средства: Самофинансирачка сметка (група 787)
Рок на реализација: 2026 година
Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА
Други институции: Министерството за локална самоуправа

За мерката 14. Предизвик „Дигитализација на земјоделството“
Потребни средства за мерка 14: 634.000 МКД
Извор на средства: Наменска сметка (група 789)
Рок на реализација: 2026 година
Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА
Други институции: проект Програма за зголемување на пазарната вработливост-ИМЕ

За мерката 15. Предизвик за климатски промени
Потребни средства за мерка 15: 361.000 МКД
Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА
Рок на реализација: 2026 година
Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА
Други институции: Програмата за развој на Обединетите нации - Програма за развој на Обединетите нации

За мерката 16. Предизвик „О2 Предизвик 2“
Потребни средства за мерка 16: 112.000 МКД
Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА
Рок на реализација: 2026 година
Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА
Други институции: Програмата за развој на Обединетите нации - Програма за развој на Обединетите нации

За мерката 17. Предизвик „Предизвик за изработка на информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај ПРИСТАПП“
Потребни средства за мерка 17: 226.136 МКД
Извор на средства: Наменска сметка (група 789)
Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Министерството за транспорт

Мерка 18: Кофинансирани грантови за технолошка екстензија,

Мерка 19: Кофинансирани грантови за технолошки развој, и

Мерка 20: Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст

Опис на мерките 18-20

Целта на овие мерки е да се овозможи зголемена продуктивност, забрзан раст и зголемена конкурентност на македонските претпријатија на меѓународните пазари, како и да се зголеми нивната отпорност на надворешни економски влијанија. Ова ќе се постигне преку доделување на средства за воведување на нови технологии, кои ќе ја зголемат способноста на претпријатијата за иновации и нивната оперативна ефикасност.

Активностите се предвидуваат поради претходно превземени договорни обврски од работата на Фонд за иновации и технолошки развој

За мерка 18. Кофинансирани грантови за технолошка екстензија

Потребни средства за мерка 18: 4.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

За мерката 19. Кофинансирани грантови за технолошки развој

Потребни средства за мерка 19: 2.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

За мерката 20. Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст

Потребни средства за мерка 20: 175.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Мерка 21. Зазеленување на бизниси

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е обезбедување поддршка за олеснување на зелената трансформација на микро, малите и средни претрпијатија. Со финансии обезбедени од Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА ќе воспостави оперативна структура наречена Greening Business Facility, која ќе обезбеди финансиска поддршка за зазеленување на бизнисите. Преку оваа структура, Агенцијата за иновации,

научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА ќе доделува средства на јавни повици, насочени кон малите и средни претпријатија , на основа на претходно спроведена анализа на нивните потреби во процесот на зазеленување. Вкупниот износ за реализација на проектот до негово завршување односно 2030 година е 25.000.000 евра кои 7.000.000 е наше кофинансирање и ќе биде обезбедено од самофинансирачката сметка, а 18.000.000 евра е од страна на донаторот.

Потребни средства: 141.225.244 МКД

Извор на средства: Самофинансирачка сметка од група 787 и Донаторска сметка од група 785

39.042.244 Самофинансирачка сметка на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА, 102.183.000 Инструментот за претпристапна помош 3 директен грант

Рок на реализација: 2026 -2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Мерка 22. Поддршка за самовработување

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е новоформираните претпријатија преку изработка на бизнис план да прераснат во успешни правни субјекти самооддржливи и конкурентни на пазарот.. Преку мерката е предвидено да се изработат 2500 бизнис плана за невработени лица, истите да се оценат од експертска комисија избрана на јавен повик, и резултатите од оценките се предаваат на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за понатамошно процесуирање. Дополнително ќе бидат обучени и 400 лица од новоотворените компании.

Бизнис-плановите ги изработуваат овластени советници кои се во базата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА за што се исплаќаат средствата предвидени за активноста.

Мерката се реализира преку средства од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Потребни средства: 57.775.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА и Самофинансирачка сметка од група 787

38.775.000 МКД Самофинансирачка сметка на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

18.000.000 МКД Превземени обврски од 2025 година - буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА

Рок на реализација: 2026

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 23: Ваучерски систем на советување

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да се обезбеди поддршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го поддржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници согласно методологијата одобрена од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените лица, додека поддршката за мали и средни претпријатија е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција.

Мерката се реализира преку организации за деловна поддршка кои се избираат преку јавен повик со соодветни критериуми на регионален принцип.

Целта е да се поттикнат претприемачите да користат консултантски услуги и преку нив да го подобрат своето работење.

Потребни средства: 2.500.000 МКД

Извор на средства: 2.500.000 МКД буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 24: Стандардизирани менторски услуги

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е согласно Програмата стандардизирани менторски услуги во текот на 2026 година за потребите на проширување на мрежата на ментори ќе бидат обучени нови ментори, со вклучување на нови организации за деловна поддршка. Во 2026 година, менторската програма, ново обучените ментори, заедно со веќе постоечките, ќе извршат менторирање на активни мали и средни претпријатија во согласност со Методологијата за стандардизирани менторски услуги наменети за мали и средни претпријатија.

При поддршката на активните мали и средни претпријатија особено ќе се зголеми учеството на жените во оваа програмска активност.

Потребни средства: 10.000.000 МКД

Извор на средства: Самофинансирачка сметка од група 787

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 25: Обука за претприемништво и развој на бизнис вештини (за селектирани клиенти од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија)

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да се обучат со основни знаења за претприемништво, 3000 лица на годишно ниво. Обуката се реализира преку јавна набавка на добавувач на услуги под одредени услови на ниво на држава кој е должен да обезбеди обука во сите градови каде што постојат центри за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Потребни средства: 6.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво –ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 26: Обука за претприемништво и развој на бизнис вештини (за одбиени клиенти од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија)

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на обука за невработени лица, учесници во програмата за самовработување. Обуката ќе се изведува од страна на одбрани тренери преку повеќе модули на работа, со цел невработените лица да се стекнат со основни знаења и вештини за водење на сопствен бизнис.

Потребни средства: 3.900.000 МКД

Извор на средства: Самофинансирачка сметка група 787 од буџет на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои ќе бидат обезбедени во текот на 2026 година

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 27: Претприемачко образование – биди претприемач

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на четири работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе (со вкупен опфат на 80 учесници – ученици, студенти и невработени лица), како и развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис, со посебен осврт на дигиталните вештини.

Потребни средства: 300.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери, бизнис-центри

Мерка 28: Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на обуки на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. При организирањето на обуките ќе се води сметка за регионалната застапеност.

Потребни средства: 300.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери, бизнис-центри

Мерка 29: Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на обуки за професори од средните училишта кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, со цел зголемување на нивните капацитети за најновите претприемачки трендови за дигитално и зелено претприемништво, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење.

Потребни средства: 300.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 30: Организирање на обуки за локални консултанти

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на обуки за добивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во Република Северна Македонија. Обуките ќе бидат дизајнирани согласно новите трендови за развој на мали и средни претпријатија, како дигитализација,зелена економија и вештачка интелегенција.

Потребни средства: 300.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри

Мерка 31: Поддршка за женско претприемништво

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е организирање на обуки за жени претприемачи за веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи. Целта на овие обуки е да се обезбеди широка информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво.

Потребни средства: 200.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, меѓународни партнери и бизнис-центри.

Мерка 32: Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претпријатија, односно како носители на економскиот развој. Мерката се реализира преку организации за деловна поддршка (Инфо центри) кои се избираат преку јавен повик со соодветни критериуми на регионален принцип.

Претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како: информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи, информации од областа на деловната помош и финансирање, информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето, информации за можностите за инвестирање во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети, информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти, информации, обуки и совети за лицата опфатени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2026 година, во текот на првата година од работењето на фирмата, информации за извори на финансирање, информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство, и други деловни информации и интернет истражувања.

Потребни средства: 450.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд и меѓународни партнери.

Мерка 33: Организирање на работилници за подигање на свеста за дигитализација кај мали и средни претпријатија

Опис на мерката

Предмет на оваа мерка е организирање на работилници за потребата од дигитализација и подигање на свеста за зелена економија во мали и средни претпријатија од повеќе дејности, со цел зголемување на продуктивноста и конкурентноста за настап на странски пазари. Посебен осврт на работилниците ќе се даде на градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата.

Потребни средства: 600.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2026 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација и меѓународни партнери.

Мерка 34: Вмрежување и соработка со останатите чинители од иновацискиот и претпримемничкиот екосистем, и

Мерка 35: Учество во активности поврзани со следење и проценка на успешноста на политиките и мерките за поддршка спроведувани од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Опис на мерките 34-35

Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА ќе го зајакне вмрежувањето и соработката со институциите, бизнис секторот, академијата и меѓународните партнери, како и ќе учествува во активности за следење и проценка на ефективноста на политиките и инструментите за поддршка, со цел обезбедување кохерентен, одржлив и конкурентен национален иновациски екосистем.

За мерка 34: Вмрежување и соработка со останатите чинители од иновацискиот и претпримемничкиот екосистем

Извор на средства: Оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и донаторски средства

Рок на реализација: 2026-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, донаторската заедница, бизнис асоцијациите, инкубаторите, акцелераторите и останатите организации кои нудат поддршка за развој на иновацискиот и претприемничкиот екосистем

За мерка 35: Учество во активности поврзани со следење и проценка на успешноста на политиките и мерките за поддршка спроведувани од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Извор на средства: Оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и донаторски средства

Рок на реализација: 2026-2029 година

Водечка институција: Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука и Министерството за дигитална трансформација

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и останати чинители

Мерка 36: Директна финансиска поддршка за проекти за докажан концепт (технолошко ниво на подготвеност од 1 до 3 / TRL 1 – TRL 3) со фокус на приоритетните области од Стратегијата за паметна специјализација

Опис на мерката

Целта на оваа мерка се мали грантови за проекти во фаза кога идејата е најранлива и без пристап до комерцијално финансирање - за тестирање на идеи, хипотези или претпоставки кои, доколку се покажат технички изводливи, можат да станат основа за идни комерцијални производи или услуги.

Мерката е наменета за истражувачки тимови во високо образовните и научните институции чии истражувања имаат комерцијален потенцијал и одговараат на реалните потреби на пазарот.

Потребни средства: Активностите ќе се реализираат во висина согласно одобрениот буџет на институцијата

Извор на средства: буџет на Министерството за образование и наука

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА, приватен сектор, високообразовни установи и научно-истражувачки институти

Мерка 37: Директна финансиска поддршка за проекти за соработка помеѓу индустријата и академијата на применети истражувања со јасен комерцијален потенцијал (технолошко ниво на подготвеност од 4 до 6 / TRL 4 – TRL6) со фокус на приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е стимулирање на применети истражувања со јасен комерцијален потенцијал, преку воспоставување партнерства меѓу академската заедница и приватниот сектор. Таа ги опфаќа фазите на технолошка подготвеност 4 - 6, кога коцептот е веќе докажан и технологијата се движи кон првичен прототип и демонстрација во релевантна средина. Фокусот е ставен на приоритетните области од Стратегијата за паметна специјализација како области со најголем иновациски потенцијал.

Мерката обезбедува ко-финансирани грантови за проекти чии активности вклучуваат: лабораториски тестирања, развој на прототипи, тестирање во индустриски услови, интеграција на нови технологии во постоечки производствени процеси и подготовка за комерцијализација.

Потребни средства: 240.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Министерството за образование и наука, приватен сектор, високообразовни установи и научно-истражувачки институти

Мерка 38: Директна финансиска поддршка за пред-акцелераторски, акцелераторски програми и програми за подготвеност за инвестиции

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да го поттикне развојот на претприемничкиот екосистем преку создавање и јакнење на пред-акцелераторски, акцелераторски програми и програми за подготвеност за инвестиции. Мерката обезбедува ко-финансирани грантови за проекти чии активности вклучуваат поддршка на стартапи и иновативни тимови во најраните фази на нивниот развој, обезбедувајќи им пристап до знаење, менторство, инфраструктура и финансиски ресурси.

Пред-акцелераторските програми ќе им помогнат на младите претприемачи да ги валидираат своите идеи, да развијат основни бизнис модели и да стекнат иницијални вештини за управување со стартап. Тие ќе служат како подготовка за влез во акцелераторски програми, каде што се очекува поголема зрелост и потенцијал за раст.

Акцелераторските програми ќе обезбедат интензивна поддршка за стартапи со веќе развиени прототипи или иницијални производи, преку менторство од искусни претприемачи, пристап до инвеститори, развој на пазарна стратегија и интернационализација.

Програмите за подготвенсот за инвестиции ќе обезбедат поддршка на стартапи и компании за привлекување на инвестиции од конкретни извори како што се бизнис ангели, фондови за ризичен капитал и други приватни инвеститори со фокус на правна регулатива, интелектуална сопственост и услови за инвестирање.

Потребни средства: 7.500.000 МКД и донаторска поддршка

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Министерството за економија и труд, приватен сектор и меѓународни партнери

Мерка 39: Директна финансиска поддршка за старт-апи (технолошко ниво на подготвеност од 3 до 8 / TRL 3 – TRL8) со фокус на приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација и со посебен фокус на Вештачка интелегенција

Опис на мерката

Целта на оваа мерка се ко-финансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф кои развиваат нови или значително подобрени производи и услуги со јасен пазарен потенцијал, особено во рамките на приоритетните области од Стратегијата за паметна специјализација. Посебен фокус е ставен на вештачката интелигенција, како клучна технологија со трансформативно влијание на гобално ниво и значителна конкурентска одлика.

Мерката обезбедува средства за проекти кои вклучуваат активности како развој и унапредување на производи и услуги, тестирање и валидација во лабораториски, индустриски и пазарни услови, подготовка за привлекување приватни инвестиции и скалирање.

Потребни средства: 180.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Министерството за економија и труд, приватен сектор и меѓународни партнери

Мерка 40: Директна финансиска поддршка за воведување на нов или значително подобрен производ/услуга/процес (технолошко ниво на подготвеност од 4/5 до 8 / TRL 4/5-TRL 8) со фокус на приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди значајна финансиска поддршка за претпријатија и претприемачи кои развиваат иновативни производи, услуги или процеси со висок потенцијал на глобалниот пазар. Преку ко-финансирани грантови, мерката овозможува делумно покривање на трошоците за развој, тестирање и имплементација на нови решенија, при што корисниците обезбедуваат значителен сопствен придонес за да се гарантира нивната посветеност и пазарна одржливост.Фокусот е ставен на приоритетните области од Стратегијата за паметна специјализација, кои претставуваат двигатели на економскиот раст и иновациската трансформација на националната економија. Поддршката ќе може да се користи за активности како: развој на прототипи, лабораториска и индустриска валидација, оптимизација на производствени процеси, воведување дигитални и напредни производствени технологии, сертификација и подготовка за интернационализација.

Потребни средства: 300.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Стопанските комори и приватниот сектор,

Мерка 41: Директна финансиска поддршка за основање на бизнис и формализација на економската дејност со посебен фокус на младите и жените

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да го поттикне претприемништвото преку обезбедување мали грантови за лица кои започнуваат сопствен бизнис или формализираат постоечка економска дејност. Посебен акцент е ставен на младите и жените, како категории кои често се соочуваат со поголеми бариери при пристап до финансии, ресурси и пазарни можности.

Преку мали грантови ќе се овозможи покривање на иницијалните трошоци за регистрација на компанија, набавка на основна опрема, развој на производи или услуги, брендирање и први маркетинг активности. Со ова се намалува ризикот и се создава сигурна основа за одржлив раст на новите претпријатија.

Мерката исто така стимулира формализација на економската дејност кај лица кои веќе работат во неформален сектор, овозможувајќи им пристап до институционална поддршка и финансии.

Потребни средства: 120.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Други институции: Министерството за економија и труд, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, приватниот сектор, бизнис-центри имеѓународни партнери

Мерка 42: Техничка поддршка за подобрување на конкурентоста на бизнисите скроена према потребите на претпријатијата (подобрување на продуктивноста, освојување на нови пазари, вклучување во глобалните синџири на вредност, и слично)

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да ја зголеми конкурентноста на домашните компании преку обезбедување техничка поддршка согласно специфичните потреби на претпријатијата. Таа е насочена кон поддршка на старт-апи, микро, мали и средни бизниси кои сакаат да ја подобрат својата продуктивност, да освојат нови пазари и да се вклучат во глобалните синџири на вредност.

Техничката поддршка опфаќа:

• Анализа на продуктивноста и оптимизација на процеси – идентификување на слабости и воведување современи методи за ефикасност.

• Развој на пазарни стратегии – поддршка за брендирање, маркетинг и интернационализација на производи и услуги.

• Интеграција во глобални синџири на вредност – советување за стандарди, сертификација и партнерства со меѓународни компании.

• Посредништво за склучување на партнерства за настап на странски пазари и поддршка за извозни активности.

• Дигитална трансформација – насоки за воведување дигитални алатки и технологии за подобрување на работењето.

Фокусот е на практични и применливи решенија кои ќе им помогнат на компаниите да се адаптираат на динамичните пазарни услови и да ја зголемат својата конкурентност.

Потребни средства: 60.000.000 МКД и донаторски средства

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, приватен сектор, бизнис-центри и меѓународни партнери

Мерка 43: Дигитализација на бизниси

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди сеопфтатна поддршка за забрзана и ефикасна дигитализација на претпријатијата во контекст на глобалните трендови на технолошки развој.

Потребни средства: Активностите ќе се реализираат во висина согласно одобрениот буџет на институцијата

Извор на средства: буџет на Министерството за дигитална трансформација, оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и донаторски средства

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Министерството за дигитална трансформација

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА , Министерството за економија и труд, дигитални хабови и бизнис-центри.

Мерка 44: Управување со човечки ресурси (привлекување и задржување на талентот и оптимизација на производствени процеси)

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди сеопфтатна поддршка за привлекување и задржување на талентот и оптимизација на производствени процеси во контекст на глобалните трендови на технолошки развој.

Потребни средства: Активностите ќе се реализираат во висина согласно одобрениот буџет на институцијата

Извор на средства: буџет на Министерство за образование и наука, буџет на Министерство за економија и труд, оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и донаторски средства

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука и Министерството за економија и труд

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА, Министерството за дигитална трансформација и приватниот сектор

Мерка 45: Воспоставување на Национална канцеларија за трансфер на технологии

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да се воспостави институционална инфраструктура која ќе овозможи систематски трансфер на знаење и технологии помеѓу академската заедница и индустријата. Националната канцеларија за трансфер на технологии ќе функционира како централна точка за поддршка на иновации, комерцијализација на истражувања и развој на нови производи и услуги со висока додадена вредност.

Канцеларијата ќе обезбедува:

• Советодавни и правни услуги за заштита на интелектуална сопственост, лиценцирање и патентирање.

• Механизми за посредување меѓу истражувачите, стартапите и индустриските компании за заеднички проекти.

• Поддршка за комерцијализација на истражувачки резултати преку спојување со инвеститори и фондови.

• Развој на капацитети за академски институции и компании во обласата на управување со иновации и технологија.

• Интеграција во европски и глобални мрежи за трансфер на технологии, со цел да се обезбеди пристап до меѓународни пазари и партнерства.

Потребни средства:  12.000.000 МКД и донаторски средства

Извор на средства: буџет на Министерството за образование и наука

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Мерка 46: Студии за изводливост за воспоставување на центри за извонредност

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди систематска подготовка за воспоставување центри за извонредност преку финансирање на студии за изводливост. Центрите за извонредност претставуваат институционални платформи кои обединуваат академија, индустрија и јавен сектор со цел да се развијат врвни истражувачки и иновациски капацитети во приоритетните области од Стратегијата за паметна специјализација.

Студиите за изводливост ќе опфатат:

• Анализа на потребите и потенцијалот во конкретни области од Стратегијата за паметна специјализација

• Оценка на инфраструктурните капацитети и потребите за нови лаборатории, истражувачки центри и дигитални платформи.

• Модели на управување и финансирање за долгорочна одржливост на центрите.

• Идентификација на можности за европско и меѓународно финансирање.

• Партнерства со индустријата за трансфер на технологии и комерцијализација на истражувања.

Фокусот е да се обезбеди јасна рамка за воспоставување центри кои ќе бидат конкурентни на европско ниво, ќе создаваат нови знаења и ќе ги трансформираат во практични решенија со економска и општествена вредност.

Извор на средства: Донаторски средства, оперативен буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука

Други институции: Министерството за економија и труд и Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Мерка 47: Поддршка за трансфер на технологии со посебен фокус на приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди финансиска и менторска поддршка со цел да го зголемат нивото на технолошка и комерцијална подготвеност и да создадат услови за пласман на својот пронајдок на пазарот. Вклучувањето на ментори со искуство во процесот на претворање истражувачки резултати во производи за кои постои пазарна потреба ќе придонесе за квалитетот на резултатите од поддржаните проекти. Преку оваа програма ќе бидат поддржани пронајдоци кои достигнале најмалку технолошко ниво на подготвеност 4 (TRL 4) и имаат регулирано сопственишство над правата на интелектуална сопственост.

Потребни средства: 16.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Министерството за образование и наука, приватен сектор, високообразовните установи и научно-истражувачки институти

Мерка 48: Поддршка на проекти за соработка помеѓу актерите на четворниот хеликс со јасен комерцијален потенцијал (технолошко ниво на подготвеност од 3 до 8 / TRL 3 – TRL8) со посебен фокус на приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација

Опис на мерката

Целта на оваа мерка се ко-финансирани грантови во значителен износ за проекти чии резултати ќе придонесат кон решавање на заеднички дефиниран општествен предизвик во областите од Стратегијата за паметна специјализација во чие решавање активна улога ќе земат академијата, приватниот сектор, јавниот сектор и граѓанскиот сектор.

Целта на четворниот хеликс е да создаде интегриран модел на иновации каде што ќе се искористат иновациските потенцијали на сите општествени чинители – високообразовните установи, индустријата, владата и граѓанското општество заеднички работејќи на развој и примена на нови знаења и технологии.

Потребни средства: 90.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА Рок на реализација: 2028-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Јавните институции, приватниот сектор, високообразовните установи и научно-истражувачки институти

Мерка 49: Подршка на старт-апи и иновативни бизниси преку шеми за коинвестирање со инвеститори и инвестициски фондови

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да поттикне развој и скалирање на старт ап компании и иновативни бизниси преку воведување коинвестициски механизми и алтернативни форми на финансирање. Наместо класични грантови, се применуваат модели каде јавниот сектор инвестира заедно со приватни фондови, бизнис ангели или корпоративни инвеститори, со што се намалува ризикот и се привлекуваат дополнителни средства.

Шемите за коинвестирање обезбедуваат флексибилен пристап до капитал, овозможувајќи им на старт апите да растат во поповолни услови. На овој начин се создава динамична средина за развој на нови производи и услуги и се зголемува конкурентноста на домашниот и меѓународниот пазар.

Потребни средства: 180.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2028-2029 година

Водечка институција: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА

Други институции: Министерството за финансии и  приватниот сектор.

Мерка 50: Поддршка на работата на Научно-технолошкиот парк, центрите за извонредност и дигиталните хабови

Опис на мерката

Целта на оваа мерка е да обезбеди континуирана поддршка на работата на иновациските инфраструктурни субјекти согласно нивните бизнис модели и развојни планови со што би се воспоставила усогласеност помеѓу работата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА и овие значајни чинители во иновацискиот екосистем.

Потребни средства: 30.000.000 МКД

Извор на средства: буџет на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА

Рок на реализација: 2027-2029 година

Водечка институција: Министерството за образование и наука

Други институции: Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво–ИНОВА, меѓународни партнери , приватен сектор, високообразовни установи и научно-истражувачки институти.

4. За реализација на оваа програма се грижи Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, како и останатите државни институции во рамки на своите надлежности, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

5. Институциите надлежни за спроведување на оваа програма доставуваат Извештај за реализација на оваа програма до Советот за  иновации, научно-технолошки развој и претприемништво со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, најдоцна до 31 октомври за тековната година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2254/10
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.